ISSN 1857-5323

University American College - Skopje

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 273 / 1
01.04.2024
С К О П Ј Е

University American College Skopje

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 108**

**Скопје, 1. 4. 2024 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и бизнис менаџмент (50603) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно - научни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и бизнис менаџмент (50603) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ (50325) И БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-217/6 од 8. 3. 2024 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 8 март 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и бизнис менаџмент (50603) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 21. 2. 2024 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

-*д-р Елена Ѓоревска.*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје му го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци за кандидатот***

Д-р Елена Ѓоревска е родена 17.04.1987 година во Скопје. Средното образование го завршила во средното економски училиште Васил Антевски Дрен во Скопје.

Високо образовани има стекнато на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, на англиски јазик, каде во 2009 година се стекнала со звање Дипломиран економист по организациони науки, со просечна оцена на успехот во текот на студирањето од 9.8 (3.92 GPA).

Кандидатката го завршила вториот циклус (магистерски) студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, на англиски јазик, на студиската програма Корпоративни финансии и банкарство, со просечна оцена 8.8 (3.62 GPA). Во 2012 година со одбраната на магистерскиот труд "Бизнис модели и бизнис стратегии: интерпретација и основна корелација" се стекнала со стручен назив Магистер по деловна администрација.

Во 2010 година, по поминат еден семестар при Лондонската школа за бизнис и финансии, во Лондон, Англија, кандидатката се стекнала со Постдипломски сертификат за финансии од наведената високонаучна институција.

Во меѓувреме, кандидатката се стекнала со многубројни сертификати по завршени онлајн курсеви во областа на маркетинг, менаџмент и претприемнишво од реномирани

универзитети како Високата школа за менаџмент во Мастрихт и Кејс Вестерн Универзитетот во Охајо.

Кандидатка се стекнала со научен степен Доктор по економски науки на Економскиот Факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски-Битола“ во Битола. Во 2021 година успешно ја одбранила докторската дисертација “Влијанието на претприемачката ориентација врз успехот на МСП во земјите во развој: Случајот на здравствениот сектор во Македонија”, и се стекнува со научен назив Доктор по претприемништво и менаџмент на мали и средби претпријатија.

Кандидатка дополнително се стекнала со научен степен Доктор по бизнис администрација на Факултетот за менаџмент во Ница, при Универзитет „COTE D’AZUR“ во Ница. Во 2022 година успешно ја одбранила докторската дисертација “Можностите и заканите на претприемачките процеси на МСП во земјите во развој: Случајот на приватниот здравствен сектор во Северна Македонија”, и се стекнува со научен назив Доктор по бизнис администрација, со покажан успех: Summa Cum Laude.

Кандидатката активно зборува англиски, хрватски и српски јазик, почетен германски, а нејзиниот мајчин јазик е македонскиот.

***Работно искуство***

Започнувајќи од 2022 година, кандидатката е ангажирана и вклучена во наставниот процес како наставник по клиничка настава, истакнат стручњак од практиката, при Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ, Скопје. Кандидатката изведува настава на македонски и на англиски јазик, по предметот Вовед во електронски бизнис.

Во 2022 година, кандидатката ја основа Агенцијата за давање на маркетинг услуги “ИНСТАХОМ ДОО”, која е всушност дигитална платформа со софтверски решенија за внатрешно уредување, која има за цел да ја потикне дигиталната трансформација на компаниите за мебел и декор на национално ниво. Како прва компанија од ваков вид на пазарот, “ИНСТАХОМ ДОО”, во 2023 година е поддржана од Фондот за иновации и технолошки развој, при проектот за технолошки развој за забрзан економски раст, со што платформата работи на унапредување на дигиталните процеси и воведување на технологија со вештачка интелигенција и аугментирана реалност.

Во 2019 година, по спроведеното истражување на пазарот во Македонија, но и темелна теренска анализа на пазарот на специјализираните домови за стари лица со деменција и Алцхајмер во Холандија, кандидатката станува ко-основач на првиот приватен специјализиран центар за сместување на лица со деменција и Алцхајмер во Македонија.

Во 2013 година, ја основа својата прва компанија, Привантна установа за социјална заштита на стари лица “Хотел Идила”, каде во партнерсво со уште една Установа од истиот вид, се уште работи под називот “Хотел Идила-Терзиева”. Установата е лидер во згрижување на стари лица во Македонија, со капацитет на нега на 80 стари лица и тим од 40 вработени. Кандидатката, во Установата ја спроведува функцијата на финансиски директор, а под нејзино раководство се и високиот менаџмент, како и маркетинг делот на компанијата.

Нејзината професионална кариера започнува по дипломирањето на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во 2009 година, каде на истоимениот факултет работи во секторот за финансии.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатката, во периодот од 2022 до 2024 година на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ, Скопје била ангажирана и вклучена во наставниот процес како наставник по клиничка настава, истакнат стручњак од практиката. Во рамки на наставата на додипломските студии при овој факултет, во улога на предавач изведува настава по предметот Вовед во електронски бизнис. Наставата ја изведува на македонски и на англиски јазик.

Д-р Елена Ѓоревска ги има објавено следните **научни трудови во периодот на последните пет години, дадени во табелата:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Gjorevska, E. (2023). Entrepreneurial orientation and performance analysis at the private healthcare sector: The impact of limitation of resources . International Journal of Business Ecosystem & Strategy (2687-2293), 5(3), 80–95. https://doi.org/10.36096/ijbes.v5i3.416 | Да.<br>2023 | Да. | Да.<br>EBSCO, Index Copernicus (Journals Master List), ProQuest, ProQuest(ABI/INFORM), ProQuest IBSS, ProQuest Social Sciences Database W.H.O. Mendeley, RePEc, EDIRC, Econpapers, IDEAS, BASE, SCILIT, Dimensions, Scope Database, Google Scholar, Semantic Scholar, DRJI, EconBIZ, WorldCat, OAI, Sherpa/Romeo and Asos Index. |
| Gjorevska, E. (2023). Market opportunities impact on SME's entrepreneurial behavior: study on entrepreneurial orientation in North Macedonia. International Journal of Research in Business and Social Science (2147- 4478), 12(8), 104–118. https://doi.org/10.20525/ijrbs.v12i8.2966 | Да.<br>2023 | Да. | Да.<br>Index Copernicus (Journals Master List), ProQuest, ProQuest(ABI/INFORM), ProQuest Business Premium Collection,ProQuest's IBSS Database, ProQuest's Social Sciences Database, EBSCO, W.H.O. Database, Core, Ulrich's, Mendeley, RePEc, EconPapers, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | IDEAS, BASE, EDIRC, Dimensions, Scope Database, Scilit, Sherpa Romeo, Google Scholar, Semantic Scholar, JTOCs, DRJI, EconBiz, WorldCat, EuroPub, Asos Index, OAI, OAJI, |
| Elena Gjorevska (2023). Research on the Impact of an Immature Market on the Entrepreneurial Orientation and Success of SMEs from the Private Health Sector in the Republic of North Macedonia. Advances in Economics and Business, 11(4), 39 - 50. DOI: https://doi.org/10.13189/aeb.2023.110401 | Да.<br>2023 | Да. | Да.<br>EBSCO A-to-Z,<br>NSD - Norwegian Centre for Research Data,<br>Ulrich,<br>Google Scholar |
| Gjorevska,. E. (2023). Entrepreneurial Culture as Threat to SMEs' Entrepreneurial Orientation-Success Relationship in Developing Countries – The Case of Private Healthcare Sector in Macedonia. Journal of Economics and Public Finance, 9 (3). DOI: https://doi.org/10.22158/jepf.v9n3p39 | Да.<br>2023 | Да. | Да<br>Academic Journal Articles<br>Bielefeld Academic Search Engine (BASE)<br>CiteFactor<br>CNKI Scholar<br>CrossRef<br>Directory of Research Journals Indexing (DRJI)<br>EconBid<br>EconPapers<br>Electronic Journals Library (EZB)<br>Globethics.net<br>IDEAS<br>Journalseek<br>JournalTOCs<br>Linkedin<br>OCLC- WorldCat<br>Open J-Gate<br>Publons<br>Refseek Academic Search Engine<br>ResearchBib |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Scientific Indexing Service (SIS)<br>The Scientific Literature Database (Scilit)<br>Standard Periodical Directory<br>WZB Library |

**Презентирани наоди од истражувања на меѓународни конференции и конгреси во периодот на последните пет години:**

**Gjorevska, E.,** Demiri, F., Tmava, K., Avdullahi, A. (2023). "The Size of the Business as a Determinant of the Interest Rate for Bank Loans - Comparative Analysis Between Kosovo and North Macedonia From the Banks' Perspective". XX International Balkan and Near Eastern Congress Series On Economics, Business And Management, Ohrid, 14-15 October 2023

***Општествена дејност***

Кандидатката дала свој општествен придонес преку реализација и учество во следниве активности:

2016–2018 Економски координатор на проектот финансиран од Европската Унија: Проект за социјална инклузија на стари лица.

2016- и понатаму Член и поддржувач на многубројни проекти при Македонската платформа против сиромаштијата (МППС)

2018 - и понатаму Член на невладината организација Хуманост. Учество и заспапување на секторот за социјална заштита

09/2019–09/2020 Координатор на проектот: “Поддршка на лицата со деменција и организирано движење за кревање на свеста за Алцхајмеровата болест.”

2021- и понатаму Член на Асоцијацијата за Е-трговија на Македонија. Учество во активности како обуки и истражувања, лобирање и информирање, со цел градење на поволна околина за раст на е-трговијата во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Елена Ѓоревска и одредбите на Законот за високото образование и и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно- истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Елена Ѓоревска ги исполнува предвидените законски и други услови и со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, да биде избрана во звањето *насловен доцент* по група предмети од областа на маркетинг (50325), и бизнис менаџмент (50603).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

проф. д-р Ана Томовска Мисоска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Илијана Петровска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Ивона Милева, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ (50325) И БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-217/5 од 8. 3. 2024 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 8 март 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно – научни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и бизнис менаџмент (50603) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија, на ден 21. 2. 2024 година, и во предвидениот рок се пријави:

- *вон. проф д-р Димитар Ковачевски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Комисијата го поднесува до Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Димитар Ковачевски (1974) има дваесет и шест години професионално работно искуство. Неговите клучни способности, стекнати преку професионални ангажирања, се од областа на маркетинг, маркетинг комуникации, односи со јавност, управување со бренд, менаџмент на големи корпорации, фискална политика, управување со кризи, како и предавања на високообразовни институции на предмети од областа на маркетинг, бренд менаџмент и организациски науки.

Стекнатите вештини и квалификации се резултат на долгогодишното работно искуство.

Кандидатот професионалната кариера ја започнува во Македонски телеком АД Скопје како соработник за финансии и координатор за регулирање и хармонизација на контрола на финансии (1998-2005), а потоа напредува на низа менаџерски позиции, директор на управување со маркетинг и продажба (2005-2008), директор на маркетинг комуникации (2008 -2010), директор на комуникации (2010-2016) и директор на резиденцијална продажба (2016-2017).

Значајно е да се напомене работниот ангажман на кандидатот како член на интернационалниот борд за комуникации на Deutsche Telekom, а претходно и член на интернационалниот бренд комитет на групацијата (2008-2016).

Потоа станува Извршен директор на ONE-Vip Македонија, А1 Македонија и член на менаџмент тимот на кластерот Хрватска и Македонија, дел од Телеком Австрија Групацијата (2017-2018) .

Сосновач е на PiKCell Group високотехнолошка старт ап компанија за производство и развој на елементи за производство на електрична енергија од обновливи извори (2018-2020). Во текот на професионалната кариера работи на низа корпоративни проекти за интеграција на деловни процеси заради зголемување на ефикасноста и профитабилноста на компаниите. Дел е од проектните тимови за имплементирање на SAP интегриран систем за управување со материјалното и финансиско работење и CRM интегриран систем за управување со клиенти.

Во 2020 година кандидатот е дел од Економскиот Совет на Владата на Република Северна Македонија за справување со економски последици предизвикани од пандемијата од вирусот КОВИД-19. Како дел од Економскиот Совет, активно учествува во креирање на антикризните мерки за справување со економските последици предизвикани од пандемијата со цел овозможување помош за граѓаните, заштита на работните места и зачувување на ликвидноста на компаниите.

Кандидатот Димитар Ковачевски средното образование го започнал во гимназија “Гоце Делчев„ во Куманово, а го завршил во Waterville Elysian Morristown High School, Waterville, MN, USA. Дипломирал во 1998 година, на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“- Скопје, на Економскиот факултет, на отсекот деловна економија, насока менаџмент, со средна оценка на успехот 8,33.

Последипломски студии завршил во 2005 година, исто така на Економски факултет во Скопје, со средна оценка на успехот 8,87, каде и го одбранил магистерскиот труд на тема “Маркетинг политика на цените во телекомуникациската индустрија“ и се стекнал со академски степен Магистер по економски науки од областа на маркетинг.

Докторски студии завршил во 2008 година на Економскиот факултет при Универзитетот во Подгорица, Црна Гора, каде ја одбранил докторската дисертација под наслов “Корпоративно управување – информациски системи и интеграција на деловните процеси“ и се стекнал со академски степен Доктор на економски науки.

Во 2015 година по успешното завршување на European Entrepreneurship Colloquium на Техничкиот Универзитет Минхен, Димитар Ковачевски станува EFER EEC Alumni. Во 2011 година на Harvard University (Харвард Универзитет), Harvard Business School, USA успешно ја завршил програмата Executive Education – Taking Marketing Digital.

***Учество на образовни програми и обуки:***

Во текот на својата кариера Димитар Ковачевски посетил голем број на образовни програми и обуки за стручно усовршување од областа на маркетинг и организациони науки и тоа:

- EADA Business School, Digital transformation and leadership program, во 2017 година.
- Rotterdam School of Management, Erasmus University (Еразамус Универзитет), Strategic Management for Executives, во 2016 година.
- Clear View & ASEE, Управување со време и управување со луѓе во 2011 година
- ProPR Конференција во 2011 година
- Triple S Learning Strategies for Growth and Profit in Recession – Rowan Gibson, 2009 година
- Jacob Fleming Group Lisbon, Стратегиско управување на односи со корисници во телекомуникации, 2007 година

- Concordia, Budapest, Напредни лидерски вештини во 2006 година
- Prism Consulting London, UK, Модел на животна вредност на корисниците, во 2006 година
- Excellence in Telecommunication, USA, Најдобри практики во маркетинг и развој на производи во телекомуникации, 2005 година
- The College of Europe, Institute of Postgraduate European Studies Bruges, Belgium, Преговори во ЕУ, 2005 година
- Deloitte and Touche, Prague, Czech Republic, "Operators Regulatory Forum Conference", 2003 година
- T-Systems, Напреден тренинг за SAP R/3 систем 2002 година
- Association of Charted Certificated Accountants, UK, Подготовка на финансиски извештаи, Менаџмент финансиски информации и Управување со човечки ресурси , 2002 година.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Академската кариера ја започнува како насловен доцент на Њу Јорк Универзитетот во Скопје (2009-2012), а ја продолжува како доцент на Факултетот за деловна економија и менаџмент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (2012-2017). Во 2017 година е избран за вонреден професор на Факултетот за деловна економија и менаџмент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Во јануари 2009 година Димитар Ковачевски е избран за наставник во звањето Насловен доцент во научната област на маркетинг и организациони науки на Факултетот за бизнис администрација на Њујорк Универзитетот Скопје. На тој Универзитет кандидатот предавал на додипломските и последипломските студии на предметите "Вовед во маркетинг", "Однесување на потрошувачи", "Организациско однесување"," Градење на Имиџ"

Во декември 2012 година кандидатот бил избран во наставно-научно звање Доцент по група предмети од обласка на маркетинг и организациони науки на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во 2017 година кандидатот е избран за вонреден професор на Факултетот за деловна економија и менаџмент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. На Универзитетот Американ Колеџ Скопје кандидатот предава на додипломските, последипломските и докторските студии по предметите "Стратегиски бренд менаџмент", Вовед во Маркетинг" ," Стратегиски маркетинг", " Менаџмент во продажба". Во 2018 година кандидатот добива решение за акредитација за ментор за студенти на трет циклус студии од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Северна Македонија.

Евалуацијата на неговиот ангажман на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, врз основа на спроведената студентска евалуација изнесува над 90 проценит (од вкупно 100,00).

Кандидатот во текот на својата професионална кариера има објавено повеќе научни и стручни трудови.

Д-р Димитар Ковачевски ги има објавено следните **научни трудови во периодот на последните пет години, дадени во табелата:**

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| **1**.Dimitar Kovachevski, (2023), Managing brand performance and brand equity: From brand valuation methodologies to brand reputation and brand audit, University American College, ISBN 978-608-4607-59-5, CIP NUB Sv. Kliment Ohridski, Skopje 005.336.6:347.772; 658.626:303.22; 658.626:658.89:316.654 | Да. 2023 | / | Монографија согласно член 166, став 3 алинеја 5 |
| 2.Dimitar Kovachevski, (2022). Practicum: Marketing of Social Entrepreneurship for Persons with Disabilities in the Agricultural Sector, Project “From disability to foodability”, National Federation of farmers, ISBN 978-608-4916-04-8, CIP NUB Sv. Kliment Ohridski, Skopje 338.43:658.8(076.1)<br>https://nff.org.mk/2022/12/19/practicum-marketing-of-social-entrepreneurship-for-persons-with-disabilities-in-the-agricultural-sector/ | Да. 2022 | / | Практикум согласно член 166, став 3 алинеја 5 |
| 3.Dimitar Kovachevski, Jane Plavevski (2021) *Effects of Consumer Choice Factors on Marketing and Digital Communication Strategies of Telco Companies*. In: Ašanin, P. (ed) Entrepreneurial and Communicative Mind in Action, Pearson Harlow UK, pp. 118-128<br>https://issuu.com/dobafaculty/docs/monografija_entrepreneurial_and_communicative_mind | Да. 2021 | . | Да: книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД |
| 4.Dimitar Kovachevski, Xheilan Zendeli (2021) *The* | Да. 2021 | / | Да: книга или дел од книга рецензирана и |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| *Impact of Digital Marketing and Retargeting on Online Buying Behaviour in North Macedonia*. In: Ašanin, P. (ed) Entrepreneurial and Communicative Mind in Action, Pearson Harlow UK, pp. 141-154 https://issuu.com/dobafaculty/docs/monografija_entrepreneurial_and_communicative_mind | | | објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД |
| 5.Kovacevski, D., Stanojkovska-Trajkovska, N., Georgievska, S. (2020) *Social and entrepreneurial aspects of mission driven organization, the case of food farming by people with disabilities in North Macedonia*, Science and society: contribution of humanities and social sciences. 100 Jubilee of Faculty of Philosophy, Struga. pp. 719-731 https://eprints.ugd.edu.mk/28810/1/FZF100.pdf | Да. 2020 | / | Да: зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји |
| 6.Paunovski, I., Kovachevski, D., Vasilev, G. and Efremov, K. (2020) E- Agriculture Strategy: Partnership as business model framework, *Economics and Management*, Vol. 17, Issue 1, ISSN: 2367-7600; 1312-594X pp. 108-119 https://ideas.repec.org/a/neo/journl/v17y2020i1p108-119.html | Да. 2020 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да | / |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| | | надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 7.Petrovska, I., Veljanoska, I., Efremov, K and Kovacevski, D. (2020) The impact of Mobile Marketing in building Customer Loyalty, Journal of the Institute of Economics – Skopje, year 22, No. 1-2/2020, June 2020, p. 64 – 75<br>https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=990963 | Да.<br>2020 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | / |
| 8.Dimitrievska, V., Kovachevski D. (2020) Healthcare marketing perspectives and challenges – A review analysis of current concepts and factors, *Political Thought, Konrad Adenauer Foundation, Republic of North Macedonia Institute for Democracy "Societas Civilis"*, Skopje Year 18, No 59, pp.83-96<br>https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/политичка-мисла-59-мај-2020-web-mk.pdf | Да.<br>2020 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од | / |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
| --- | --- | --- | --- |
| | | вкупниот број на членови | |
| 9.Kovachevski, D., Petrovska, I., Krliu Handjiski, V. (2019) Measuring brand performance: From customer based brand equity to brand financial value 14th annual international academic conference on European integration, "Innovating Europe", University American College Skopje in cooperation with University of Rome Tor Vergata, Skopje, 16 May 2019, conf. proc. pp:117-131 doi: 10.5281/zenodo.3533775<br>https://docplayer.net/194605758-Innovating-europe-14th-annual-international-academic-conference-on-european-integration-skopje-16-may-2019.html | Да.<br>2019 | / | Да: зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји |
| 10.Aleksandra Kacarski, Dimitar Kovachevski (2019). Internal marketing influence on organizational culture and service quality in Macedonian companies, *Management Research and Practice*, Vol 11 No. 4, pp. 11-22, December<br>https://ideas.repec.org/a/rom/mrpase/v11y2019i4p11-22.html | Да.2019 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не | / |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| | | може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 11.Ivo Paunovski, Dimitar Kovačevski (2019). Acceptance of ICT in Agricultural Sector in the Republic of North Macedoni. *Journal of Innovative Business and Management*, ISSN-1855-6175, Vol 11 No 2 (2019) pp. 83-92 DOI: https://doi.org/10.32015/JIBM/2019-11-2-10 https://journal.doba.si/OJS/index.php/jimb/article/view/11-2-10 | Да. 2019 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | / |
| 12.Hristova Snezana & Misoska Ana Tomovska & Kovachevski Dimitar, 2019. "Towards Change Management in Tourism: the Evidence from North Macedonia," Czech Journal of Tourism, Sciendo, vol. 8(1), pages 3-15, June. https://ideas.repec.org/a/vrs/cjotou/v8y2019i1p3-15n1.html | Да. 2019 | Да: научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од | / |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| | | вкупниот број на членови | |

Од постарите научни трудови се издвојуваат:

1. Ковачевски, Д.(2023) --Анализа на економските придобивки и ефекти од зачленувањето во Европската Унија . Македонска Академија на Науките и Уметностите, Зборник на трудови од научната конференција “Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: Клучни предизвици и приоритети”, Скопје, стр.39-53 (http://manu.edu.mk/зборници-на-трудови-од-научни-собири/_
2. Димитар Ковачевски, Македонка Димитрова, (2022), Практикум за менаџмент и маркетинг во рана фаза на развој на алтернативни туристички услуги, Институт за одржлив развој ЕКОС Скопје, ISBN 978-608-66982-0-1, CIP – НУБ “Св.Климент Охридски”, Скопје, 338.488:00(076.1) 338.488:658.8(076.1)
3. Мојсоска-Блажевски, Н. и Ковачевски, Д. (2021) Буџетирање за родова еднаквост во време на пандемија: искуство и научени лекции. Македонска Академија на Науките и Уметностите, Зборник на трудови од научната конференција „Предизвици на фискалната политика во периодот на пандемијата на Ковид-19 и перспективи во посткризниот период„. Достапно на: 7.6.9-od-Zdravko-fin-2021-ZBORNIK-DEF-za-pecccat.-16-juli_removed.pdf (manu.edu.mk)
4. Brzovska, E., and Kovachevski, D.(2019). “Assessing Levels of Brand Recognition by Children Aged 3 to 5 Years", 25th Singapore International Conference on Marketing, Economics, Education & Interdisciplinary Studies (MEEIS-19) Dec. 10-12, 2019 Singapore. https://eirai.org/images/proceedings_pdf/ED1219117.pdf
5. Snezhana Hristova, Dimitar Kovachevski, Ivona Mileva (2019). Strategic Thinking In Macedonian Family Businesses: Perceptions And Practices. Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 1/2019, pages 72-78, https://ideas.repec.org/a/cbu/jrnlec/y2019v1p72-78.html
6. Marina Letonja, Anita Maček, Ayşegül Özbebek Tunç, Dimitar Kovačevski (2018). In: Ašanin, P. (ed) *Business principles and processes: Entrepreneurship and innovative management*, Book collection: Lessons from economic and applied business and social studies, Linking business and communication – From a sparkle to a flame. Maribor: DOBA Business school, ISBN 978-961-6818-56-8, May 2018, pp. 1-31
7. Natalie C. Postružnik, Dimitar Kovačevski, Fatih Özkoyuncu (2018). In: Ašanin, P. (ed) *Effective business communication in the world of chaos*, Book collection: Lessons from

economic and applied business and social studies, Linking business and communication – From a sparkle to a flame. Maribor: DOBA Business school, ISBN 978-961-6818-56-8, May 2018, pp. 87-108

8. Tatjana Boshkov, Dimitar Kovacevski, Dushko Joshevski, Nikola Dimitrov (2018). Estimating the causality between reer and tourism led growth. International Journal of Information, Business and Management, ISSN 2076-9202, May 2018, Vol. 10, No.2, 2018, pp. 50-62
9. Tatjana Boshkov, Dimitar Kovacevski, Dushko Joshevski (2018). Urban development – engine for economic growth: Evidence for Macedonia and Greece. International Journal of Information, Business and Management, ISSN 2076-9202, May 2018, Vol. 10, No.2, 2018, pp. 85-94
10. Kovachevski D., Petrovska I., Apostolov D., Handjiski V.K. (2017) The impact of sponsorship and their activation through digital media on brand awareness in the Republic of Macedonia, Economics & Economy, December, 2017, Vol.5, No.9-10, pp.43-53
11. Petrovska, Ilijana, Sherovska, Gjorgjina and Kovacevski, Dimitar (2017). Value-Based Pricing Strategies in Retail: Effective or Not? *Journal of Innovative Business and Management*, ISSN-1855-6175, November 2017, Vol. 9, No. 2;
12. Boshkov, Tatjana and Kovacevski, Dimitar (2017). Choosing the easiest way: Attracting FDI or branding Macedonian business?! *International Journal of Current Research*, ISSN: 0975-833X, October 2017, Vol. 9, Issue, 10, pp. 60085-60088;
13. Boshkov, Tatjana, Kovacevski, Dimitar, Klicek, Tamara and Dimitrov, Nikola V. (2017). The impact of culture and urban life-cycle on the economic development of city. International *Journal of Information, Business and Management*, ISSN 2076-9202, Feb 2018, Vol. 10, No. 1, pp. 284-295;
14. Boshkov, Tatjana, Bishev, Gligor and Kovacevski, Dimitar (2017). Effects from the interaction between exchange rate regime and economic growth: The case for Macedonia. *International Journal of Information, Business and Management*, ISSN 2076-9202, Feb 2018, Vol. 10, No. 1, pp. 36-49
15. Ковачевски, Димитар. (2008). Интегриран маркетинг менаџмент – цената како елемент на маркетинг миксот во Македонска Ризница, Македонија, ISBN 9989-192-06-5;
16. Kovacevski, Dimitar. (2007). Corporate Information Systems And Organizational Excellent, Montenegrin Journal of Economics, ISSN 1800-5845, Vol. 3, No. 6;
17. Ковачевски, Димитар. (2007). Management in times of information economy. Standard, Tirana, No. 565;

Од стручните трудови се издвојуваат:

1. Mladenovska, Angela, Petrovska, Ilijana, Efremov, Krum, Dimitrova, Makedonska, Kovacevski, Dimitar (2015). Consumer attitudes towards mobile advertising: Case of Macedonia vs. UK and China”, at Advances in Business-Related Scientific Research Conference - ABSRC 2015” Venice, Italy, March 25-27;
2. Ковачевски, Димитар. (2012). Паметниот купувач и лидерско позиционирање, „Економија и Бизнис“, ISSN 1409-6781, бр. 164;
3. Ковачевски, Димитар. (2011). „Ефекти на криза врз интерна и екстерна комуникација”. Предавање на ProPR Конгрес, Србија.
4. Ковачевски, Димитар. (2004). Маркетинг концептот како предуслов за развој и успех на компаниите, „Економски Магазин“.

Кандидатот учествувал и водел голем број деловни проекти од областа на маркетингот, управувањето со односите со корисниците и бренд менаџментот. Бил дел од управувачкиот тим на проектот за ребрендирање на Македонски Телеком во 2008 година. Исто така, бил проект менаџер во Македонски Телеком на проектите за воведување модел за вредност на корисниците и имплементација на програма за лојалност на корисниците. Бил дел од комитетот за управување со проектот за воведување на CRM систем во компанијата во 2016 година.

Димитар Ковачевски бил дел е од низа меѓународни и домашни проекти меѓу кои се: Проектот Интернационализација преку онлајн микро мастерс и виртуелна мобилност спроведен од Витаутас Магнус Универзитетот Литванија, ДОБА Бизнис Школо Словенија, Истанбул Универзитет Турција и ИКС Скопје (2020 година); Проектот "From Disability to FoodAbility", подобрување на состојбата на лицата со попреченост во руралните средини спроведен од НФФМ и Шведската организација за развој We Effect и Radiohjalpen; Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) и Светска Банка, Подпроект: Капацитет и иновации на туристички услуги за одржлив локален економски раст во Северна Македонија спроведен од Фајнанс Тинк и Институт за економски истражувања и политики Скопје (2019 година); Проектот за зголемување на конкурентноста на мали и средни претпријатија во Република Северна Македонија, спроведен од Институт за економски истражувања и политики Скопје (2019) и Проектот е-ПРОФМАН, Програма за професионален развој за иновативен менаџмент, лидерство и стратегиски комуникации спроведен од ДОБА Бизнис Школо Словенија, Истанбул Универзитет Турција и ИКС Скопје (2016-2017 година).

Кандидатот д-р Димитар Ковачевски е прв македонски премиер кој се обратил пред Советот за безбедност на ООН на 3 мај 2023 година. Претходно се обратил на 77-то Генерално собрание на ООН на 24 септември 2022 година, на тема „Трансформативни решенија на испреплетени предизвици". Ковачевски е прв македонски премиер кој се обратил во УНЕСКО во ноември 2023 година.

Д-р Димитар Ковачевски во септември 2022 година, одржал предавање на реномираниот Универзитет Колумбија во Њу Јорк во рамките на Форумот на светски лидери. Во фокусот на предавањето е уникатниот модел на одржлива демократија на Република Северна Македонија, како и економската интеграција и трансформација на земјата. Во мај 2023 година се обрати на престижниот универзитет „Џонс Хопкинс" во Вашингтон на тема „Неодложна потреба за економски развој на Балканот".

Д-р Ковачевски е учесник и се обраќа и на повеќе важни форуми и конференции, како што е Виенскиот економски форум, Минхенската безбедносна конференција, Бледскиот стратешки форум, Парискиот мировен форум, Глобалниот безбедносен форум на ГЛОБСЕК, Економскиот форум Делфи и други.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на вонреден професор д-р Димитар Ковачевски, одредбите на Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област.

Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и го потврдува неговиот системски пристап кон непосредната и поширока област и проблематика којашто се однесува на групата предмети за коишто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на кандидатот, законските услови предвидени согласно Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Комисијата оценува дека вонреден професор д-р Димитар Ковачевски ги исполнува предвидените законски и други услови и му предлага на Наставно - научниот совет, кандидатот вонреден професор д-р Димитар Ковачевски да го избере во наставно - научно звање *редовен професор* по група предмети од областа на маркетинг и бизнис менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

проф. д-р Илијана Петровска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Снежана Христова, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Ежени Брзовска, с.р.
Економски факултет – Скопје,
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323